# ИНФОРМАЦИЈА
## за процесот на формирање Локален младински совет на Општина Гевгелија

Општина Гевгелија уште во минатата година започна со имплементацијата на Законот за младински политики и младиско учество. Согласно законските обврски за формирање Локален младински совет како тело на локалната самоуправа кое ќе учествува во градењето локалните политики од интерес на младите, Советот на Општина Гевгелија на 61 седница, одржана на 23 април, 2022 година, донесе Одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Гевгелија со број 09-689/1.

По измените и дополнувањата на Статутот на Општина Гевгелија, Општина Гевгелија продолжи со спроведување на постапките за формирање Локален младински совет предвидени во Законот за младински политики и младинско учество.

## ИНИЦИЈАТИВЕН ОДБОР

На 24.06.2022 година, Општина Гевгелија на официјалната веб-страна објави Јавен повик за номинација на млади од младински организации, организации за млади, политички помладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување за членови на Иницијативен одбор за создавање Локален младински совет во општина Гевгелија. Поради недоволниот број пристигнати апликации, Општина Гевгелија го повтори Јавниот повик за членови на Иницијативен одбор за создавање Локален младински совет. Поради недоволниот број апликации и на повторениот јавен повик, како и распишувањето Локални избори 2021 година, постапката за формирање на Иницијативниот одбор беше запрена.

По завршувањето на Локалните избори 2021 година, се продолжи со постапката за избор на членови во Иницијативниот одбор. Така што, вкупно пристигнаа 6 апликации: Милчо Јовановски од Средношколска заедница на СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија, Катерина Колева (самоиницијативно), Марија Стојанова (самоиницијативно), Благоја Панов од Регионален центар за одржлив развој- Гевгелија и Ангела Шаренкова од Средношколското здружение „Мултимедија“- Скопје и Тијана Ристовска од Центар за едукација, култура и активизам „Мултус“- Гевгелија.

По разгледувањето на апликациите од страна на претставникот од општинската администрација и утврдувањето на уредноста на потребната документација, е даден предлог до Градоначалникот со кандидатите за членови на Иницијативниот одбор. Врз основа на Решение за формирање Иницијативен одбор за одржување на конститутивното Локално собрание на млади со број 08-213/1 од 17.02.2022 година, за членови се назначени:

- Милчо Јовановски од Средношколска заедница на СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија;
- Ангела Шаренкова од Средношколското здружение „Мултимедија“- Скопје и
- Тијана Ристовска од Центар за едукација, култура и активизам „Мултус“- Гевгелија.


Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika North Makedonija
Tel. ++389 34 211 211
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
www.gevgelija.gov.mk

**ЛОКАЛНО МЛАДИНСКО СОБРАНИЕ**

Потоа, Иницијативниот одбор распиша Јавен повик за членство во Локалното собрание на млади со број 08-542/1 од 21.02 2022 година. Во траењето на Повикот со рок од 15 работни дена, пристигнаа четири апликации со номинирани делегати и заменик-делегати.

И тоа: од ОО Црвен крст- Гевгелија- Марија Јовановска и Душко Јанев, од Средношколско здружение „Мултимедија"- Скопје- Ангела Шаренкова и Надја Шопова, од Центар за едукација, култура и активизам „Мултус"- Гевгелија- Тијана Ристовска и Ѓорѓе Костаќев и од ЗГ Регионален центар за одржлив развој- Гевгелија- Благоја Панов и Трајче Динев. Иницијативниот одбор го продолжи Јавниот повик со број 08-542/6 за уште 10 дена, како дадена можност на повикот да се пријават и други облици на младинско здружување. Така, пристигнаа уште 4 апликации и тоа од: УМС на ОК ВМРО-ДПМНЕ Гевгелија- Сашко Проданов и Јордан Јовановски, од ЛО на Левица Црвена младина Гевгелија- Мартин Илиев и Христијан Шопчев, од Здружение на пчелари „Апитоксин"- Гевгелија- Кристијан Алчинов и Андон Ангов, од СДММ на ОО СДСМ Гевгелија- Надица Несторова и Дејан Марков и од Средношколска заедница на СОУ „Јосиф Јосифовски"- Гевгелија- Милчо Јованов.

Иницијативниот одбор за конституирање на Локалното собрание на млади во Општина Гевгелија ги разгледа сите поднесени апликации на номинирани кандидати за членови на Локалното собрание на млади, утврдувајќи дека сите предлози се уредни, поткрепени со комплетна документација, наведена во Јавниот повик, за што подготви записник со број 08-542/12 од 29.04. 2022 година и достави одлука до Градоначалникот со број 08-542/13 од 29.04.2022 година за именување членови во Локалното собрание на млади во Општина Гевгелија.

Со решение бр. 08-542/15 од 29.04.2022 година е формирано Локалното собрание на млади во Општина Гевгелија, во кое членуваат:

- Сашко Проданов, делегат номиниран од УМС на ВМРО- ДПМНЕ Гевгелија;
- Јордан Јовановски, заменик-делегат номиниран од УМС на ВМРО- ДПМНЕ ГЕВГЕЛИЈА;
- Мартин Илиев, делегат номиниран од ЛО Црвена младина од Гевгелија ЛЕВИЦА,
- Христијан Шопчев, заменик-делегат номиниран од ЛО Црвена младина од Гевгелија;
- Марија Јовановска, делегат номиниран од ОО Црвен крст Гевгелија;
- Душко Јанев, заменик- делегат номиниран од ОО Црвен крст Гевгелија;
- Ангела Шаренкова, делегат номиниран од „Мултимедија" Здружение за мултимедијална култура Скопје;
- Надја Шопова, заменик-делегат номиниран од „Мултимедија" Здружение за мултимедијална култура Скопје;
- Тијана Ристовска, делегат номиниран од Центар за едукација, култура и активизам МУЛТУС Гевгелија;
- Ѓорѓе Костаќев, заменик-делегат номиниран од Центар за едукација, култура и активизам МУЛТУС Гевгелија;
- Кристијан Алчинов; делегат номиниран од Здружение на пчелари „Апитоксин"- Гевгелија;

- Андон Ангов, заменик- делегат номиниран од Здружение на пчелари „Апитоксин“- Гевгелија;
- Благоја Панов, делегат номиниран од Регионален центар за одржлив развој Гевгелија;

- Трајче Динев, заменик-делегат номиниран од Регионален центар за одржлив развој Гевгелија;
- Надица Несторова, делегат номиниран од СДММ Гевгелија;
- Дејан Марков, заменик-делегат од СДММ Гевгелија;
- Милчо Јовановски, делегат номиниран од Средношколска заедница при СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија.

На третата седница, одржана на 16 септември, 2022 година ЛСМ ги разреши од членството: Јордан Јовановски, Душко Јанев, Кристијан Алчинов и Тијана Ристовска, а на нивните места ги назначи: Петар Шарков, Маргарита Делиџакова, Бруно Алчинов и Александар Ристов.

## ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ

По констиутирањето на Локалното младинско собрание во Општина Гевгелија и одржаните две седници, ЛМС распиша Јавен повик за избор на членови во Локален младински совет со број 08-1530/1 од 24.06.2022 година. Во рокот за доставување апликации до 8 јули, пристигна само една апликација од страна на Здружение на пчелари „Апитоксин“- Гевгелија – Кристијан Алчинов.

Поради недоволниот број апликации, ЛМС го продолжи повикот од 8 до 18 јули, бр. 08-1530/3. Во наведениот рок за апликации пристигнаа уште 5 апликации и тоа од: Атлетски клуб „7 Ноември“- Гевгелија – Атанас Епов, ОО Црвен крст- Гевгелија – Памела Петровска, УМС при ОК ВМРО-ДПМНЕ Гевгелија- Георги Петков, Регионален центар за одржлив развој- Гевгелија – Благоја Панов и Центар за едукација, култура и активизам „Мултус“- Гевгелија – Тијана Ристовска.

Со одлука бр. 08-1936/1 од 16.09.2022 година на ЛСМ на Општина Гевгелија, за членови на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија се избрани:

- Атанас Епов од Атлетски клуб „7 Ноември“- Гевгелија;
- Памела Петровска од ОО Црвен крст- Гевгелија;
- Георги Петков од УМС при ОК ВМРО-ДПМНЕ Гевгелија;
- Тијана Ристовска од Центар за едукација, култура, едукација и активизам „Мултус“- Гевгелија и
- Кристијан Алчинов од Здружение на пчелари „Апитоксин“- Гевгелија.

Нивниот двегодишен мандат е верифициран од страна на Советот на Општина Гевгелија, на 15 седница, одржана на 30 септември, 2022 година со Решение бр. 09-2031/1.

08-2078/1 Општина Гевгелија
06.10.2022 г.
Гевгелија